Судско-медиумскиот совет при Здружението на судии на РСМ на 10 седница што се одржа на 07.11.2024 година, врз основа на чл. 5, 6, 7, 8 и 9 од Деловникот за работа, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ бр.3

## за постапување на судот при

## исклучување на јавноста во судските постапки

## I. Вовед

Во согласност со поднесено прашање за исклучувањето на јавноста во судските постапки од страна на новинар, а со цел за надминување на состојби од интерес на медиумите и судовите кои се однесуваат за пристапот до судските постапки и известувањето за судските предмети во јавноста, Судско-медиумскиот совет по сопствена иницијатива го подготви следното Мислење во врска со исклучувањето на присуството на јавноста во судските постапки.

Во своите дискусии членовите на Судско-медиумскиот совет заклучија дека насловот соодветно го одразува целниот предмет.

Мислењето е подготвено врз основа на законодавството на Република Северна Македонија и тоа Уставот на Република Северна Македонија, Законот за кривична постапка, Законот за правда на децата, Законот за парничната постапка, Законот за семејството и др., Судскиот деловник, Европската конвенција за човековите права, како и релевантните инструменти на Советот на Европа, Мислењето бр. 7 и Мислењето бр. 12 од Консултативниот Совет на Европските Судии на Европскиот советодавен совет за судии.

Целта на ова мислење е да се изнајдат правилни и соодветни стандарди при примената на начелото на јавност и одлучувањето на судот во врска со исклучувањето на јавноста во судските постапки.

## II. Опфат на мислењето

Ова мислење го третира прашањето на начелото на јавноста на судските постапки, исклучувањето на јавноста во истите и обврската за транспарентност на судовите, која законодавецот ја гарантирал преку регулација на начелото на јавност на судските постапки.

Согласно чл. 102 од Уставот на РСМ е регулирано дека расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни и дека јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон. Согласно чл. 405 ст. 4 од Законот за кривичната постапка, ако јавноста

на главната расправа била исклучена, изреката на пресудата секогаш ќе се прочита во јавно заседание. Советот ќе одлучи дали и колку ќе ја исклучи јавноста при објавувањето на причините за пресудата.

Согласно чл.6 ст.1 од ЕКЧП, секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него.

Европската конвенција за човекови права предвидува дека пресудата се изрекува јавно, а новинарите и јавноста можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во строго определени случаи и тоа во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

И покрај тоа што јавноста во судските постапки е издигната на ранг на уставен принцип и регулирана во соодветните процесни закони, заради важноста на ова начело, законодавецот и во членот 10 од Законот за судови пропишал дека постапката пред судот се заснова на неколку начела, меѓу кои и начелото на јавност.

Законот за парничната постапка во одредбите од чл.292 и Законот за кривичната постапка во чл.353, на сличен начин го уредуваат начелото на јавност на судските постапки како едно од фундаменталните процесни начела.

Во овие одредби е предвидено дека главната расправа е јавна. На главната расправа може да присуствуваат само полнолетни лица. Лицата кои присуствуваат на главната расправа не смеат да носат оружје или опасно орудие, освен судската полиција, полицијата и службата за спровод и обезбедување на обвинетиот на казнено-поправните установи.

Во чл. 293 од Законот за парничната постапка е предвидено дека советот може да ја исклучи јавноста за целата главна расправа или за еден нејзин дел, ако тоа го бараат интересите за чувањето на службена, деловна или лична тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот. Советот може да ја исклучи јавноста и во случај кога со мерките за одржување на редот предвидени во овој закон не би можело да се обезбеди непречено одржување на расправата.

Согласно чл. 294 од ЗПП, исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, нивните законски застапници, полномошниците и замешувачите. Советот може да дозволи на главната расправа на која е исклучена јавноста да присуствуваат одделни службени лица, како и научни и јавни работници, ако тоа е од интерес за нивната служба, односно научна или јавна дејност. По барање од странката, судот може да дозволи на расправата да присуству ваат најмногу две лица кои таа ќе ги означи. Претседателот на советот ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на расправата на која е исклучена јавноста дека се должни како тајна да го чуваат сето она што го дознале на расправата и ќе им укаже на последиците од оддавање на тајна.

За исклучувањето на јавноста одлучува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено. Против решението за исклучување на јавноста не е дозволена посебна жалба.

Исклучувањето на јавноста во кривичната постапка е регулирано во чл.354 од Законот за кривичната постапка, каде е нормирано дека од отворањето на заседанието па до завршувањето на главната расправа советот може во секое време по службена должност или по предлог на странките или оштетениот да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата главна расправа, ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на малолетникот.

Исклучоците од тоа на кого не се однесува исклучувањето на јавноста е предвидено во чл. 355 од ЗКП, каде е регулирано дека исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, на оштетениот, нивните законски застапници и полномошници, како и на бранителот, освен во случаи определени со закон. Советот може да дозволи на главната расправа на кој е исклучена јавноста да присуствуваат одделни службени лица, научни и јавни работници, а по барање од обвинетиот тоа може да им го дозволи и на неговиот брачен, односно вонбрачен другар и на неговите блиски роднини. Претседателот на советот ќе ги предупреди лицата кои присуствуваат на главната расправа на која е исклучена јавноста дека се должни да го чуваат како тајна сé она што го дознале на расправата и ќе им укаже дека одавањето на тајната претставува кривично дело. Одлука за исклучување на јавноста донесува советот со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено.

Исклучување на јавноста по сила на закон е предвидено во одредбите од чл.224 ст.1, 2 и 3 од Законот за семејството, каде е предвидено дека во постапките регулирани на овој закон јавноста е исклучена како на рочиштето за главна расправа, така и на рочиштето за обид за мирење. По исклучок, претседателот на советот, може да дозволи на рочиштето за главна расправа да присуствуваат научни и јавни работници, кои се занимаваат со проблемите на бракот и семејството, како и лица кои странките ќе ги предложат. Претседателот на советот може во согласност со странките да дозволи присуство на лицата од став 2 на овој член и на рочиштето за обид за мирење.

Согласно чл. 95 од Законот за правда за децата (Службен весник бр.66/2024), судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да обезбедат заштита на приватноста на детето и на неговото семејство, а кога му се суди на дете секогаш се исклучува јавноста.

Согласно чл. 171 од истиот закон, како посебна мерка на процесна заштита на деца жртви и деца сведоци судот може да определи и:

- користење екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот,

- прикривање на идентитетот или на изгледот,

- давање исказ преку видеоконференција,

- исклучување на јавноста,

- употреба посебни технички средства за комуникација и

- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

Со ова, покрај исклучувањето на јавноста од процесот, се овозможува и заштита на приватноста на детето кое дава исказ, при тоа давајќи го исказот пред јавност која пак е лимитирана по однос на неговиот идентитетот или непосредно присуство. Ова овозможува успешно спроведување на постапката и заштита на правата на детето.

Крајно, во одредбата од член 104 ст.1 од Судскиот деловник, новинарите-известувачи и граѓаните можат да присуствуваат на јавните рочишта пред судовите без обврска претходно да имаат одобрение од судот. Судот обезбедува услови за нивното присуство и работа.

Мислењето бр. 7 од Консултативниот Совет на Европските Судии (CCJE) упатува дека „...интегрирањето на правдата во општеството наметнува потреба судството да се отвори и да научи како да биде презентирано во јавноста...“.

Во Мислењето бр.12 на КСЕС се наведува дека „...Медиумите играат клучна улога во едно демократско општество, и генерално земено и конкретно во однос на правосудниот систем. Перцепцијата на општеството за квалитетот на правдата е под големо влијание на известувањата на медиумите за тоа како функционира системот на правосудниот систем. Јавноста исто така придонесува за постоењето на правично судење, со оглед дека ги заштитува страните во спорот од не-транспарентно спроведување на правдата...“ како и дека „...Во едно демократско општество, од суштинско значење е судовите да влеваат доверба кај јавноста· Јавниот карактер на постапката е еден суштински начин за одржување на довербата во судовите...“.

Судијата, во текот на својот професионален век и секојдневна работа, е подложен на различни форми на притисоци и обиди за влијание, па затоа присуството на јавноста може позитивно да придонесе за заштита на интегритетот како на судијата, така и на самата судска постапка. Ова од причина што, доколку постојат било какви обиди за влијание или притисок (поради политички, бизнис или други интереси) или медиумски притисок заради зголемен интерес на јавноста, во такви случаеви, јавноста во постапката е во функција на поддршка на судот, да истиот не подлегне на притисоците и да суди согласно закон, објективно и непристрасно, а во спротивно јавноста – која го следи текот на постапката, ќе изрази незадоволство од работата на судот.

Судиите треба да имаат предвид дека т.н. судење „зад затворени врати“ - кога тоа не е оправдано во даден случај, се перцепира како можност за пристрасност и необјективност и дека токму присуството на јавноста ја прави постапката транспарентна, а можноста за некаква манипулација или корупција или за перцепција за такво нешто се минимизира. Со присуството на јавноста се намалува можноста за шпекулации по однос на законитоста и интегритетот на постапката и постапувањето на судот, а кое нешто директно влијае и на довербата на јавноста во правосудството.

**Заклучок и препопраки**

Недостатокот на доверба во правдата е погубен за демократијата и нејзиниот развој и го стимулира ширењето на корупцијата. Судиите не само што треба да ги исполнуваат објективните критериуми за непристрасност, туку, и јавноста треба да види дека тие се непристрасни со цел да има доверба во нив.

Начелото на јавност на постапките овозможува присуство на пошироката јавност и запознавање со работата на судот, постапката која ја води и одлуките и пресудите кои ги донесува.

Целта на начелото на јавност е да се запознаат граѓаните со остварувањето на судската функција, да се овозможи запознавање со прописите и почитување на правото. Основна цел на ова начело е посреден надзор на граѓаните над работата на судовите.

Околноста дека јавноста ќе биде присутна на рочиштата влијае на работата и однесувањето не само на судот, туку и на другите процесни субјекти (странки, обвинители, адвокати...) и резултира со поголема коректност, кооперативност, воздржување од одредено однесување или реакција, може да придонесе во спречување на можни притисоци на работата на судот и на тој начин да влијае на неговата независност, но и влијае во спречување на самоволно или пристрасно однесување на судијата.

Јавноста има право да знае како судовите постапуваат и како ги носат своите одлуки.

Присуството на јавноста го потврдува демократскиот карактер на судството, бидејќи на тој начин се остварува неговата контролна функција и се гради довербата на граѓаните во неговата делотворност и независност.

Судско-медиумскиот совет укажува дека на тоа дека судиите во постапките треба да се исклучително ревносни при донесувањето на одлука со која јавноста во конкретна постапка ќе биде исклучена, особено во оние постапки каде интересот на јавноста е зголемен.

Решението на судот за исклучување на јавноста мора да биде соодветно образложено и во истото  мора да биде наведен законскиот основ по кој јавноста во одредена постапка е исклучена. Воедно, причините заради кои се исклучува јавноста мора да бидат јасни и добро образложени со цел истите да бидат ценети и разбрани и од страна на учесниците во постапката како и од јавноста. Ова особено е важно во постапки за кои интересот на јавноста е зголемен. На јавноста мора да и биде недвосмислено јасно зошто се носи решение за исклучување на јавноста и да не се остава простор за некаков сомнеж, а судот е должен да вложи соодветен и потребен труд за да со своето образложение го исполни тој стандард.

Судско-медиумскиот совет препорачува исклучувањето на јавноста во судските постапки да биде само во толкава мера, колку што по мислење на судот е безусловно потребно во посебни околности, во кои присуството на јавноста може да биде штетно за интересите на правдата. Судот мора да направи соодветен баланс помеѓу правата на учесниците во постапката, евентуалните штетни последици од учеството на јавноста на постапката и правото на јавност и следење на постапката.